ЈУ МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА-ТЕТОВО
IP QENDRA NDERKOMUNALE PER PUNE SOCIALE-TETOVE
Оддел за административни и помошно-технички работи
Zyrra për punë administrative dhe menaxhim me resurse njerëzore

**Архивски број:** 04-301/10
**Датум:** 01.08.2025

Врз основа на член 188 став 6, член 212 став 17 од Законот за социјалната заштита (Службен весник на РСМ бр.104/19 бр. 146/19, бр.275/19, бр.302/20, бр.311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22 и 65/23) член 22 од Законот за работни односи (Службен весник на РСМ бр.62/05, бр.106/08, ……., 267/20, 151/21, 288/21, 111/23, 39/25,74/25 и 124/25), а во врска со член 20-д од Законот за вработените во јавниот сектор (Службен Весник на РСМ бр.27/14, бр.199/14, бр.27/16, бр.35/18, бр.198/18, бр. 143/19, 14/20 и 208/24) и член 22 став 1 алинеја 9 од Статутот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Тетово бр. 0101-1546/2 од 24.06.2019 година, В.Д. Директорот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Тетово донесе:

# ОДЛУКА
## за избор на кандидат/и за вработување на определено време

1. За работното место **СО30303А05015 Правник** – Стручен службеник од петто ниво, во Служба за права и парична помош, Оддел за права и парична помош за општина Теарце, Боговиње, Брвеница, Јегуновце и Ќелино – **1 (еден) извршител,** се избира кандидатот ПРАНВЕРА ШАБАНИ.

2. По конечноста на одлуката, со избраниот/те кандидат/и од точка еден на оваа одлука ќе се склучи Договор за вработување на определено време за работните/то место/а за кое се/е избран/и.

3. Избраниот/те кандидат/и од точка 1 на оваа одлука ќе биде на пробна работа четири месеци, а по завршувањето на пробната работа потребно е да се стекне/ат со лиценца за работа во установата за социјална заштита.

4. Донесената одлука ќе биде објавена на огласната табла и на интернет страната на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа –Тетово. Одлуката за избор или неизбор на кандидати се доставува до кандидатите кои ја поминале административната селекција.

5. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

В.Д. Директорот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа - Тетово врз основа на Согласност за обезбедени финансиски средства од Министерството за финансии, објави Јавен оглас бр. 02/2025 на 25.07.2025 година во дневните весници Слободен Печат и Коха за пополнување на слободни работи места за 4 (четири) извршители на определено време до 31.12.2025 година.

Со Решение бр. 04 – 301/3 од 25.07.2025 година В.Д. Директорот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа - Тетово формира Комисија за селекција за вработување на 4 (четири) извршители на определено време по пат на јавен оглас во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа - Тетово.

Комисијата за селекција во функција на спроведувањее на постапката по објавениот јавен оглас број 02/2025 ја спроведе во две фази: административна селекција и интервју за работните места по огласот бр. 02/2025.

По увид во пристигнати пријави (Записник бр. 04-301/4 од 31.07.2025 година) завршената административна селекција (Записник бр. 04-301/5 од 01.08.2025 година) и интервјуто (Записник бр. 04 - 301/6 од 01.08.2025 година), Комисијата состави Ранг листа на кандидати и предлог кандидати за вработување (Ранг листи бр. 04 – 301/7 од 01.08.2025 година) и истите ги достави до В.Д. Директорот.

Врз основа на Ранг листата изработена во согласност со член 20-д од Законот за вработените во јавниот сектор, и прелогот за избор на прворангиран/и кандидат/и, В.Д. Директорот изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука може да се поднесе жалба до Државната Комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен во рок од 8 (осум) дена по приемот на оваа одлука.

**В.Д. Директор**
Магдалена Веселиноска

**Изработил:** Гадаф Баки

**Доставено до:**
- Избраниот/те кандидат/и
- Кандидати кои ја поминале административната селекција
- Досие
- Огласна табла